Врз основа на член 57 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19 и 14/20) Министерството за информатичко општество и администрација донесе

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## за обука за административно управување за 2022 година

**2021 година**
**Скопје**

Република Северна Македонија
Министерство за информатичко
општество и администрација
Бр. 11-2726/1
13.07.2021 год.
Скопје

## В О В Е Д

Во рамките на своите надлежности Министерството за информатичко општество и администрација подготвува и спроведува Годишна програма за обука за административно управување. Преку обуката и испитот за административно управување, се промовира зголемена стручност и ефикасност на службениците, а особено на раководните административни службеници, како и да се обезбеди континуирано професионално работење на администрацијата.

Целна група се административни службеници заинтересирани за пополнување на работно место од категорија Б, односно раководни административни службеници. Дополнително на горе споменатото, а со цел да се зголеми и мотивацијата кај вработените во администрацијата, за секој службеник од ниво В1, претставува законска обврска да се предвиди оваа обука во индивидуалниот план за стручно усовршување.

Напоменуваме дека иако обуката се состои од четири тематски целини, проследувањето на сите целини интегрално, се смета за целосно завршена обука за Административно управување. Оттука, во индивидуалниот план за стручно усовршување како предвидена обука се наведува со единствениот назив "Административно управување".

Обуката се реализира исклучиво преку електронскиот систем за управување со учење (СУУ/LMS). Министерството за информатичко општество и администрација во координација со институциите, тековно ќе обезбедува непречен пристап до обуката. Имајќи предвид дека воведувањето на СУУ/LMS континуирано ќе се одвива и во наредниот период, Министерството ќе спроведува и соодветни обуки за управување со истиот и регистрација на институциите на државната управа, единиците на локална самоуправа и институциите од јавниот сектор. Со тоа секој вработен во администрацијата ќе поседува корисничко име, односно ќе добие пристап во системот за следење на Е-обуки. Пристапот во Е-учењето се врши преку следната веб локација: http://e-obuki.mioa.gov.mk/
.

За спроведување на обуката за административно управување, корисниците ќе добијат потврда/сертификат за завршена обука која ќе се генерира во електронска форма, веднаш откако службеникот ќе ја заврши обуката, со можност за нејзино печатење.

### ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ОБУКА ЗА АДМИНИСТРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ ЗА 2022 ГОДИНА

| р.б. | Тема на обука | Начин на реализација | Носител на обука | Целна група | Финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Општи прописи од административна област | Систем за управување со учење (СУУ/LMS) | МИОА | Административни службеници | МИОА |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. | Управување со јавни финансии | Систем за управување со учење (СУУ/LMS) | МИОА | Административни службеници | МИОА |
| 3. | Управување со проекти | Систем за управување со учење (СУУ/LMS) | МИОА | Административни службеници | МИОА |
| 4. | Кодекс за административни службеници | Систем за управување со учење (СУУ/LMS) | МИОА | Административни службеници | МИОА |

Бр. 11 - 2226/7

13.02.2024 година

Doc. d-r Jeton Shaqiri

МИНИСТЕР

Република Северна Македонија • Republika e Maqedonisë së Veriut • МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА • MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS • Скопје - Shkup